Врз основа на член 22, став 1, точка 6; член 36, став 1, точка 10; член 62 и член 64 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/2002 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.202/2024), член 21 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр . 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21), и Одлуката – Ценовник за користење на спортски објекти на подрачјето на Општина Битола, Бр. 07-18/17 од 31.08.2012 година донесена од Советот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05)

# ЈАВЕН ПОВИК

## за користење на термини во Спортската Сала „Боро Чурлевски“

### 1 .Назив и адреса на органот

Општина Битола ул. Булевар 1-Ви Мај бр.61 7000 Битола

### 2. Место положба на објектот за спорт

• Спортска Сала „Боро Чурлевски“

• Адреса : Градско Шеталиште ББ

• Имотен лист број 8810, КО Битола1/2 на КП 17575

• Сопственост: Р.С.Македонија со прибележано право на коритење на Општина Битола

### 3. Користење на објектот

Корисникот има право да го користи објектот, во точно утврдените (бараните) термини и само за извршување на дејностите опишани подолу во текстот: Сала повеќенаменска (спортски игри : ракомет, кошарка, одбојка, боречки спортови и спорски танци) .

### 4. Термини за издавање и времетраење

Термините се распоредени од Понеделник до Петок (Сабота е ден резервиран за натпревари и за истиот ќе се прави распоред согласно

добиените барања за организација на натпревари од страна на екипите) , со почеток од 08.00 часот до 22.00 часот и се користи по 90 минути (еден термин). Недела и државни празници се неработни денови.

**5. Висина на надоместок на термините**

Висината на надоместокот за користење на Сала повеќенаменска – дел од спортската сала „Боро Чурлевски“ - Битола , за времетраење од 90 минути (еден термин) изнесува :

1) 08.00 - 09.30 часот -    900,00 денари

2) 09.30 - 11.00 часот -    900,00 денари

3) 11.00 - 12.30 часот -    900,00 денари

4) 13.30 - 15.00 часот -    900,00 денари

5) 20.30 - 22.00 часот - 1.350,00 денари

*Терминот од 12:30 часот до 13:30 часот е резервиран без надомест за потребите на Сојузот за училишен спорт и Сојузот за универзитетски спорт од Битола.

*Термините од 15:00 часот до 20:30 часот се наменети за екипите кои се 100% сопственост на Општина Битола, или Општината има склучено договори (платформа), со кои е утврдено користењето на Спортската сала без надомест.

*Утврдениот износ на надоместокот е со вклучен ДДВ.

**6. Време на издавање**

Термините се доделуваат во времетраење од најмногу 3 (три) месеци од денот на потпишување на договорот за користење. Договорот може да се продолжи по барање на корисникот со склучување на анекс на договор пред истекот на рокот на неговото важење, по цени важечки на денот на склучување на анексот, доколку корисникот уредно ги исполнува договорните обврски и доколку продолжувањето е во интерес и поволно за Општината.

**7. Право на учество**

На јавниот повик може да учествуваат сите заинтересирани правни и физички лица .

**8. Потребни документи**

**Физички лица:**

- Барање во кое што треба да се наведе за кој термин се аплицира.
- Име и презиме и адреса на живеење (копија од лична карта или пасош)
- телефон за контакт и е-маил адреса.

**Правни лица:**

- Барање со печат и потпис од одговорно лица во кое што треба да се наведе за кој термин се аплицира.
- Назив, седиште и единствен даночен број (тековна состојба)
- телефон за контакт и е-маил адреса .

**9. Доделување на термини**

Термините ќе се доделуваат по принцип на поднесените барања. Доколку има повеќе барања за еден термин, истиот ќе се додели според приоритет, односно на екипи кои се натпреваруваат во највисок ранг на натпреварувања па надолу по рангирање на спортската федерација.

**10. Рок за поднесување на барање и начин на пријавување**

Јавниот повик ќе биде отворен се до пополнување на термините. Барањето за јавниот повик со потребната документација се доставува до архивата на Општина Битола на ул. Бул. 1- ви Мај број 61, од денот на објавување на јавниот повик на веб страната на Општина Битола.
Секој работен ден од понеделник до петок од 07.30 часот до 15:00 часот.